# Сакате ли да ве упатам на нешто подобро од тоа што го баравте? Кога ќе легнете во вашите постели, изговорете: Субханаллах триесет и трипати, Елхамдулиллах триесет и трипати и Аллаху Екбер триесет и четири пати. Тоа е подобро за вас од слуга.“

Али, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека Фатима, Аллах нека е задоволен со неа, дошла кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, за да се пожали на тешкотиите што ги имала од работата со рачната мелница. Таа слушнала дека кај него дошле заробеници (кои би можеле да бидат слуги), па отишла кај него, но не го нашла. Затоа тоа и го спомнала на Аиша, Аллах нека е задоволен со неа. Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се вратил, Аиша го известила за нејзината посета. Тогаш тој дојде кај нас додека ние веќе бевме легнати. Кога пробавме да станеме, тој рече: „Останете на своите места.“ Се приближи и седна помеѓу мене и неа, така што го почувствував студот на неговите стапала врз мојот стомак. Потоа рече: „Сакате ли да ве упатам на нешто подобро од тоа што го баравте? Кога ќе легнете во вашите постели, изговорете: Субханаллах триесет и трипати, Елхамдулиллах триесет и трипати и Аллаху Екбер триесет и четири пати. Тоа е подобро за вас од слуга.“

[صحيح] [متفق عليه]

Фатима, Аллах нека е задоволен со неа, ќерката на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се пожалила на тешкотиите што ги чувствувала на своите раце поради работата со рачната мелница. Кога до Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, стигнале заробеници, таа отишла кај него за да го замоли да ѝ даде слуга од тие заробеници кој ќе ѝ помага во домашните обврски. Но, не го нашла во неговата куќа, туку ја нашла Аиша, Аллах нека е задоволен со неа, и ѝ го раскажала својот проблем. Кога Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се вратил, Аиша го известила за доаѓањето на Фатима и за нејзината молба за слуга. Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, отишол кај Фатима и Али, Аллах нека е задоволен со двајцата, во нивниот дом. Ги нашол како се подготвуваат за спиење и легнати во своите постели. Седнал помеѓу нив, така што Али, Аллах нека е задоволен со него, го почувствувал студот на стапалата на Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, на својот стомак. Потоа им рекол: „Сакате ли да ве научам на нешто што е подобро за вас од слуга?“ Тие одговориле: „Да.“ Тогаш Божјиот пратеник, салаллаху

алејхи ве селем, рекол: „Кога ќе легнете во вашите постели навечер, величејте Го Аллах со зборовите Аллаху Екбер триесет и четири пати, славете Го Аллах со зборовите Субханаллах триесет и трипати, и заблагодарувајте Му на Аллах со зборовите Елхамдулиллах триесет и трипати. Овој зикр ќе ви донесе поголемо добро од слуга.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6076